Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К

од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 август 2021 година

Скопје, август 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Деведесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 август 2021 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:10 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси и м-р Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за образование и наука, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваа и Снежана Нацаковска и Ирена Арнаудовска - Малинкова од Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Агим Нухиу, заменик на министерот за правда и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, како и Калинка Габер, државен секретар во Секретаријатот за европски прашања.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа Зоран Заев, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Никола Димитров, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, доц.д-р Венко Филипче, министер за здравство, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика и Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Предлог-одлука за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација

2. Извештај за извршените преговори за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и Протокол

3. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за користење на услугите на воздухопловна навигација и ја донесе Одлуката, со заклучок во текстот на Одлуката да се дополнат и воздухопловите од Република Србија и од Црна Гора, да се прецизира намената на истите заради гаснење на пожарите на територијата на Република Северна Македонија, како и да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

### Точка 2

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и ја усвои како Извештај за извршените преговори за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија, со усогласен текст на Договор и Протокол, со следните заклучоци:

1. Го прифати Извештајот за извршените преговори за потпишување на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

2. Го прифати усогласениот текст на Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

3. Го прифати усогласениот текст на Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

4. Се определува м-р Радмила Шекеринска-Јанковска министер за одбрана, во име на Владата на Република Северна Македонија да го потпише Договорот за воена финансиска соработка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија и Протоколот за спроведување на финансиската поддршка меѓу Владата на Република Турција и Владата на Република Северна Македонија.

**Точка 3**

Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 31 јули 2021 година до 6 август 2021 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:30 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Мухамед Зеќири**

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**dr. Artan Grubi**